Број: 08 - 658/4

09. 01. 23 година

Скопје

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-658/3 од 31.01.2023 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 42 -та седница одржана на 14.09.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за акредитација на ментор на докторски студии

1. Д-р Јанка Димитрова, редовен професор на студиската програма Економски науки, на Економски факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Економски науки, од трет циклус бр. на акредитација 08-611/6 од 26.12.2022 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По донесеното барање 0503-28/27 од 09.06.2022 година(наш бр.08 - 658/1 од 29.06.2022 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Економски науки, на Економски факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” Штип, за проф. д-р Јанка Димитрова.

Одборот за акредитација на високото образование, на 41 - та седницата одржана на 12.07.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 658/3 од 31.01.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 42 - та седница одржана на 14.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова